**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 29.09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4623 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Теа кидс", и тоа:
   - Изданието бр.6 на магазинот „Теа кидс" од септември 2016 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 28 септември 2016 година.

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали овој издавач на печатен медиум постапил по Решението за преземање мерка – опомена бр.03-361 од 06.07.2016 година.

Во член 14 став 1 од Законот за медиуми е утврдено дека *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

Со контролниот административен надзор спроведен на 28.06.2016 година (Писмен извештај бр.03-3351 од 28.06.2016 година) беше констатирано дека во изданието бр.5 на магазинот „Теа кидс" од јуни 2016 година, не е во целост исполнета обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно дека *издавачот „.....не ги објавил податоците за бројот на печатени примероци".*

**Констатации од надзорот:** Со надзорот беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум во целост постапил по Решението за преземање мерка – опомена бр.03-361 од 06.07.2016 година, односно дека во целост ја исполнил обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***